# THE PHENOMENON OF SOCIAL (DIS-) RESPONSIBILITY IN CONDITIONS OF HYBRID DEMOCRACY - BALKAN EXPERIENCES AND PERSPECTIVES

**Nikola Tuntevski**
Faculty of Law Kicevo, University "St. Clement of Ohrid" Bitola, Republic of Macedonia
niktun@t.mk

**Abstract:** The responsibility of every individual is a key factor for the realization of each set goal. We cannot achieve anything in our life cycle without a serious and responsible approach to everything we undertake. But even the most responsible behavior of the individual is not a condition for personal success if it does not come across a fertile soil in the society in which it lives and does not fit into the social mosaic. The degree of individual responsibility is a prerequisite for social responsibility. At the same time, the level of social responsibility is a guarantee for creating equal opportunities in which citizens can achieve their needs responsibly. Social responsibility is a fiction, without individual responsibility. Conversely, individual responsibility is unattainable without social responsibility.
Unfortunately, this inevitable social legitimacy is still not fully understood and accepted in societies with under-developed democracy, in which power still dominates against freedom, and social interest is overshadowed by personal and group interests. The experiences of most Balkan countries face us with the devolution of social responsibility, in which law and justice are perceived as a privilege of certain individuals and groups, and the establishment of guilt and responsibility becomes an unachievable goal.
**Keywords:** social responsibility, irresponsibility, guilty, Balkan countries

# ФЕНОМЕНОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА (НЕ-) ОДГОВОРНОСТ ВО УСЛОВИ НА ХИБРИДНА ДЕМОКРАТИЈА – БАЛКАНСКИ ИСКУСТВА И ПЕРСПЕКТИВИ

**Никола Тунтевски**
Правен факултет Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски "Битола, Република Македонија, niktun@t.mk

**Апстракт:** Одговорноста на една индивидуа е клучен фактор за реализација на секоја поставена цел. Ништо не можеме да постигнеме во нашиот животен циклус без сериозен и одговорен пристап кон сé што преземаме. Но и најодговорното постапување на поединецот не е услов за личен успех, доколку не наиде на плодно тло во општеството во кое живее и не се вклопи во општествениот мозаик. Степенот на индивидуална одговорност е предуслов за општествена одговорност. Истовремено, нивото на општествена одговорност е гарант за создавање на еднакви можности, во кои граѓаните ќе можат одговорно да ги остварат своите потреби. Општествената одговорност е фикција без индивидуалната одговорност. И обратно, индивидуалната одговорност е неостварлива без општествена одговорност.
Но за жал, оваа неминовна општествена законитост сеуште е не во целост разбрана и прифатена во општества со недоизградена демократија, во која моќта се уште доминира над слободата, а општествениот интерес е засенет од личните и групни интереси. Искуствата на повеќето Балкански земји нé соочуваат со девастирање на општествената одговорност, во која правото и правдата се перцепираат како привилегија на одредени поединци и групи, а утврдувањето на вината и одговорноста стануваат недостижна цел.
**Клучни зборови:** општествена одговорност, неодговорност, вина, Балкански земји

## 1. ВОВЕД

**„Цената за големината на нечиј дух лежи во одговорноста", Винстон Черчил**

Да се постигне одговорно однесување на граѓаните е идеал кон кој се стреми секое општество. Од степенот на неговото исполнување зависи колкав удел во решавањето на општествените прашања ќе има цивилниот сектор, а колку ќе му препушти на носителите на политичката моќ. Тоа е можно доколку поголемиот дел од граѓаните достигнале ниво на самоодговорност, преку кое самите, без посредници, ги решаваат меѓусебните односи. Или ќе бараат Pater Societas, кој ќе ја понесе одговорноста место нив. Оваа втора солуција е поприфатлива, но не е бесплатна. Цената што ја наплаќаат центрите е висока – проширување на нивните ингеренции и интереси, за сметка на дезавуирање на бројни слободи и права на нивните „штитеници".
Ова е сликата која доминира во скоро сите земји во светот. Но, најмногу доаѓа до израз во услови на недоизградена демократија и дефицит на взаемно почитување меѓу граѓаните и власта, како што е

случајот со Балканските земји. Тие и денес минуваат низ "транзиција", чиј крај не се гледа. Во нив повеќето вредности се первертирани. Наместо интерактивност и соработка – еднострaност и страв; наместо слободи и права – клиентелизам и забрани; наместо владеење на правото – самоволие. Како да излеземе од овој лавиринт кој нé забавува да се придвижиме кон повисок степен на демократичност, поголеми слободи и права и општествена благосостојба?! Тоа е можно само преку поодговорно однесување на секој граѓанин како поединец и на сите заедно, како основен предуслов за поквалитетно живеење во овие општества.

## 2. ЗА (НЕ-) ОДГОВОРНОСТА И ВИНАТА – ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ

Одговорноста најчесто се перцепира како *правна одговорност*, односно како должност, која поединецот е обврзан да ја направи или како вина за тоа што не го направил или погрешно го направил. Но тоа е само еден аспект на поимот. Вистинска одговорност не е само обврска и не е само индивидуална. Секој ентитет, било да е заедница или поединец, имаат потреба да дејствуваат во полза на општеството. Тоа е нужност која секој мора да ја оствари за да постои *балансирана размена на вредности меѓу единките и општеството*. Уште повеќе, одговорноста не е темпорална и не се однесува само со нејзините сегашни носители, туку е *интергенеративна*, бидејќи (не-) одговорното однесување на една генерација има последици и врз идните генерации. (Не-) одговорноста може да биде *пасивна*, преку избегнување на ангажмани во општеството или *активна*, преку вршење на активности кои ги унапредуваат или уназадуваат социјалните вредности.
Најчесто *одговорноста* се дефинира како совесно вршење на преземените обврски со максимален аутпут на успех и со минимална штета за извршителот и за околината. Освен тоа, таа претставува и состојба, во која некој се задолжува со нешто, што „може“ или „мора“ да го направи. *Етимолошки* гледано, одговорноста произлегува од зборот „одговор“, што значи дека од некого се бара да одговори на зададени обврски. Тоа е суштината и на англискиот збор responsibility, чии корени лежат во зборот response; како и во германскиот збор "Verantwortung", односно Ver - antwort – ung, каде зборот "Antwort" значи „одговор“.
Општествената одговорност се поврзува со *политичка одговорност* или отчетност на политичарите пред граѓаните за она што го ветиле пред изборите. Таа се состои од повеќе елементи, од кои најважни се: транспарентност, ефикасност, добро владеење, правда и еднаквост, контрола, демократија и отчетност.[216]
Но, општествената одговорност е многу поширок поим и таа ја опфаќа не само одговорноста на политичките моќници, туку и на другите ентитети во едно општество. Во последно време, сé повеќе се зборува за *корпоративна одговорност*. Повеќето меѓународни организации ја истакнуваат нужноста од избалансиран пристап на компаниите за решавање на економските, социјалните и еколошките прашања на начин кој има за цел корист за луѓето, заедниците и општеството.[217] Тоа е показател дека одговорноста не е само морална и политичка, туку исто така и економска и социјална категорија, од што зависи развојот на секоја земја.
И секако најзначајна е *личната одговорност* на секој човек, како темел на сите останати облици, од кои тие ја црпат својата суштина и чии неопходни елементи се знаење, волја и слобода.
Наспроти тоа, *неодговорноста* значи избегнување на обврски, површно извршување на задолженија, преземање на туѓиот успех како наша заслуга и припишување на нашиот неуспех на сметка на другите. Во контекст на последното, неодговорноста значи и избегнување вина.
Тесно поврзан со претходните е и поимот accountability, кој произлегува од англискиот збор account (сметка, прев.), што кај нас би значело „полагање на сметка“ за (не-) направеното или *отчетност*. Овој термин значи обврска јавно да ги објасниме околностите на одлуката, однесувањето или намерата.[218]
Отчетноста се јавува како доблест на добри перформанси и дава можност за легитимност. Ако не постои доблест и субјективно чувство на одговорност тогаш постојат механизми за присилно извршување на должностите.

---

[216] Bovens, Mark (2006) Analysing and Assessing Public Accountability. A Conceptual Framework, European Governance Papers (EUROGOV), No. C-06-01, p. 5.
[217] На пример, во Чиле се користи шпанскиот израз "Responsabilidad Social Empresarial", што би можело да се преведе како „претприемачка општествена одговорност“, Source: Perceptions and Definitions of Social Responsibility, International Institute for Sustainable Development, Manitoba, Canada, May 2004,
[218] Бовенс ја дефинира отчетноста како: "однос меѓу актерите (политичките субјекти, партиите) и форумот (граѓаните, општеството), во кој актерите имаат обврска за објаснување и оправдување на нивните постапки, а форумот може да поставува прашања и да ги санкционира. Bovens, Mark (2006), Ibid. p. 7.

Со тоа доаѓаме и до прашањето за *вината*, како морална и кривична одговорност. Во првиот случај вината е психички однос на поединецот кон (не-) исправноста или (не-) оправданоста на донесените одлуки и преземените дејствија. Од нормативен аспект вината е кривична одговорност за дејствие кое со закон е определено како кривично дело. Во тој поглед, според член 11 став 1 од Кривичниот законик на Република Македонија, кривично е одговорен сторител, кој е пресметлив и кој го сторил кривичното дело со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото. [219]

## 3. СОСТОЈБИТЕ ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ КАКО ФАКТОР ЗА ОПШТЕСТВЕНА (НЕ-) ОДГОВОРНОСТ

Општествената (не-) одговорност не е проблем само на недоволно консолидирани демократии. Во секоја земја, носителите на власт и моќ се стремат кон споделување на одговорноста со граѓаните. За да ја замаглат личната (не-) одговорност тие секогаш се повикуваат на апстрактни категории како што се „држава“, „народ“, „граѓани“, „мнозинство“ или „општество“. Ова е поизразено во земји каде постои деформација или прекин во релациите меѓу демократијата и правната држава, поради што и одговорноста е деформирана. Што е она по што најмногу се препознаваат овие општества?! Тоа се следните обележја:

- Политичките партии го преземаат јавниот дискурс со политизација на сите општествени сфери и воспоставуваат партократија, како доминантна форма на владеење. Во сите позначајни институции работаат „граѓани од доверба“, чија одговорност е насочена кон нивните работодавачи. Во таков амбиент постојат „демократски“ институции, но тие се само декор на вистинските носители на моќ
- Непостоење на вистински контролни институции (законодавен дом, независно судство, омбудсман и слично), кои ќе бидат независни од центрите на моќ и ќе претставуваат гаранти на општествената одговорност, согласно начелото на check & balance
- Непостоење или слаба улога на политичка алтернатива, односно опозиција, која е значаен фактор во секое демократско општество како професионал критичар и коректив на владината политика, актер на политичка динамика и фактор на мобилизација на граѓаните
- Минорна улога на невладиниот сектор, кој е зависен од изворите на финансирање, кои се во монопол на овие центри и поради тоа не може да ја оствари својата улога во општеството
- Политизираност на медиумскиот простор, што доведе до контрола на медиумите
- Менталитет на патернализам кај граѓаните, кои се уште не стекнале навики на самоодговорност. Научени на тоа, друг да ги решава нивните потреби, тие сеуште се насочени кон државата или поточно партиите и нивните лидери, не прашувајќи за „цената“ на нивните слободи и права
- Пасивизацијата на поголем дел од академската јавност, која не пронајде начин да се наметне како општествен фактор кој ќе придонесува за корекција на јавните политики
- Синдикатите и другите интересни групи не можат да станат сериозна општествена сила и рамноправен партнер на овие центри, посебно во економската и социјалната сфера
- Широко распространета корупција и непотизам кои се закануваат да станат начин на живеење. Мнозинството граѓани ги перцепираат како нешто вообичаено и оправдано. Тие или учествуваат во нивното ширење или ги поддржуваат со молчење и игнорирање.[220]
- Како резултат на претходното, кај граѓаните се шири недоверба во институциите, но и во перспективите за подобра иднина. Тоа постепено ја зголемува социјалната апатија, за сметка на намалувањето на граѓанскиот активизам

Ваквите индикатори се во голема мера присутни во повеќето Балкански земји. Иако номинално се демократски земји, сепак претходниот режим остави долготрајни траги врз сите сегменти на општествено живеење, чии ефекти можат да се видат и денес и се уште е тешко да се надминат. Одржувањето на контрола врз граѓаните е можеби разбирливо во време на транзиција. Но задржувањето на оваа контрола е начин за одржување на политичката и економската моќ во рацете на политичката и финансиска елита. Политичката моќ во овие земји не зависи од формалната уставна власт, туку е содржана во партиите што ги контролираат сите општествени сегменти и затоа пренесувањето на власта врз граѓаните се смета за губење на контролата и моќта. Напротив, во најдобар интерес на носителите на моќ се слабите уставни структури и концентрацијата на политичка и економска моќ. Слабите јавни

---

[219] Кривичен законик на Република Македонија

[220] Според Роуз – Акерман, ако граѓаните и деловните луѓе не ги чувствуваат јавните функционери како одговорни, тие ќе веруваат дека корупцијата е единствен начин да го добијат бараното, Rose-Ackerman, Susan, Trust, Honesty and Corruption: Theories and Survey Evidence from Post-Socialist Societies, 2001

институции доведуваат до чувство на несигурност кај населението и ниско ниво на лојалност и одговорност кон нив.

Ова наследство се манифестира и во *Република Македонија*, каде општеството е под влијание на политичките партии, распространетата корупција и неодговорно однесување во сите сегменти. Како главен работодавач, инвеститор и изведувач, државата и партиите се сеприсутен фактор во животот на луѓето. Просторот за независен и непартиски ангажман на граѓаните е минорен и изложен на заплашување. Сето ова придонесе, според рејтингот на Фридом хаус за 2016 година да бидеме оценети како делумно слободна земја.[221] Според Индексот на трансформација на Бертелсман од 2016, „посветеноста на македонската влада на демократската трансформација е многу дискутабилна“.[222] Додека пак во споменатиот Индекс од 2018 година, се цитира загриженоста на Европската Унија дека институциите кај нас се субјекти на „заробена држава“.[223]

И во *Босна и Херцеговина* доминацираат етно политички партии, кои немаат способност и волја да се приспособат на дивергентните интереси, поради што не може да се очекува стабилно граѓанско општество. Приватниот сектор е недоволно развиен, а јавниот сектор е гигантски бирократски апарат со многу нивоа на власт, кои најголем дел од државниот буџет го трошат за плати за администрација. Корупцијата е широко распространета во општеството. Извештаите на антикорупциската мрежа ACCOUNT покажуваат дека корупцијата е вградена во социјалниот и политичкиот систем и во работата на државните институции.[224] Политичките партии имаат голема моќ над граѓанското општество. Преку уцени и закани кон граѓаните, засилени со примеси на етно национализам, тие настојуваат да го заробат граѓанското општество.

Во *Црна Гора* доминира само една партија - Демократската Партија на Социјалистите (ДПС), додека опозицијата остана слаба. Влијанието на партиите на пазарот на трудот генерира високо ниво на корупција и ги успорува демократските процеси. Владата има силно влијание врз граѓанското општество, преку создавање на паралелен систем на невладини организации, во кои доминираат партиски кадри.[225]

За време на претходните недемократски режими во *Србија*, улогата на граѓаните во креирањето на општествените политики имаше второстепено значење. Но дури и во новите околности, граѓанскиот сектор не успеа да добие поголемо влијание, иако беше еден од главните актери за демократизација на земјата. Студијата на Индексот на граѓанското општество покажа дека во односот помеѓу граѓанското општество и државата се уште недостига социјален и / или политички дијалог.[226] Граѓаните сеуште не можат да учествуваат во донесувањето на одлуки, каде монополот е во рацете на политички партии, нивните лидери и олигархиските кругови, како најсилни општествени групи. Поради тоа, наместо социјален дијалог, доминира политичка конфронтација и нетолеранција меѓу главните политичките чинители во борбата за поголема моќ.

Развојот на *Косово* е девастиран воглавно од два фактори: високата невработеност, посебно меѓу младите и корупцијата, која ја редуцира вербата на граѓаните во државата.[227] После војната во 1999 година, Косово мораше да усвои вредности кои ќе му овозможат градење на државата и демократско владеење. Но тоа се случува многу бавно. Во такви околности граѓанското општество не може да се наметне како влијателен актер и да одговори на приоритетните потреби на граѓаните, посебно во однос на економскиот развој и владеењето на правото. Незадоволството на граѓаните од општествената и недемократска регресија резултира со иселување на речиси 100.000 граѓани, кои побараа азил во земјите на Европската Унија.

Политизацијата на општеството, раширената корупција и организираниот криминал се главни обележја на *Албанија*. Политичките партии се инфилтрирани во судството и јавните институции, кои зависат од системот на партиска патронажа. Ова влијае и врз економските перформанси на земјата на подолг рок.[228]

[221] Freedom House (2016). Freedom of the Press 2016. Retrieved 01 08, 2016
[222] Bertelsmann Stiftung, BTI 2016 — Macedonia Country Report. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2016, p.3
[223] Bertelsmann Stiftung, BTI 2018 Country Report — Macedonia. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2018 p. 4
[224] Alađuz, D. (2015). Istraživanja o sektorskoj korupciji u BiH
[225] Zlatko Vujović, Country Report: Montenegro, ERSTE Stiftung Studies, Civil Society in Central and Eastern Europe: Challenges and Opportunities, 2017
[226] CIVICUS Civil Society Index Report for Serbia, First holistic empirical study of Civil Society in Serbia 2004 –2006, Research & Analytical Center Argument in collaboration with The Center for the Development of the Non-profit Sector (CDNPS), Belgrade, 2006
[227] Bertelsmann Stiftung, BTI 2018 Country Report — Kosovo. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2018
[228] Bertelsmann Stiftung, BTI 2018 Country Report — Albania. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2018

Како што може да се забележи, заеднички именител на овие општества е високиот степен на зависност на граѓаните од носителите на моќ (државата, политичките партии, финансиската олигархија). Тие создаваат претстава кај граѓаните дека се единствено компетентни да ги решат нивните проблеми, а дека „другите" (опозиција, граѓански сектор) немаат капацитет за тоа. Тоа е т.н. слика за „туѓи права", односно дека правата кои се загарантирани според сите норми, се всушност „нечија заслуга". И затоа граѓаните треба да се „благодарни" (покорни) за „великодушноста" на нивните „добродетели" и таквата „благодарност" да ја покажат на избори. Бидејќи во спротивно, „некој" може да им ги одземе правата и да ги додели на друг. Ова ги первертира релациите на одговорност. Наместо политичарите да одговараат пред граѓаните, граѓаните се присилени на одговорност кон нив. Она што е пострашно е дека со текот на времето граѓаните тоа не го чувствуваат како должност, туку го прифаќаат како нешто вообичаено. Некои луѓе дури и се среќни кога друг им ги решава проблемите и одлучува место нив. Тоа е т.н. синдром на авторитарна психологија, кога луѓето подобро се чувствуваат во прегратките на „својата група".[229] Тие се задоволни што се дел од владеачкото „мнозинство", бидејќи тоа им дава чувство на сигурност. Токму кон овие луѓе центрите на моќ го насочуваат своето внимание, бидејќи тие им ја даваат потребната енергија и им се извор на опстанок.

Користа од ваквата „одговорност" не е вистинска, туку е привидна и еднострана – во корист само на центрите на моќ. Тоа е така бидејќи оваа одговорност не е граѓанска, туку е наметната. Затоа таа не може да се нарече слободна и не е резултат на добра волја и самосвест на граѓаните, туку се должи на чувствата на клиентелизам, зависност, страв и должност спрема овие центри. Таа го еродира духот на взаемен интерес и не може да донесе ништо добро за општеството. Напротив, тоа секогаш создава неповолни контраиндикации за сите, пред сé во економијата и социјалната политика. Зависноста и стравот навистина ги „мотивира" граѓаните на делување, но истовремено кај нив предизвикува висок степен на неодговорност и површност во извршување на обврските, што влијае врз квалитетот на извршената работа. Колку некој и да ги убедува дека се „слободни", тие се свесни за виртуелноста на нивните права. Затоа тие се „одговорни" само до степен на проста егзистенција и ништо повеќе од тоа. Нивните експресии на „ентузијазам" за проектите на „нивните" водачи или партии се привремени и површни, зад чиј привид се крие безволност и неодговорност. Тие никогаш не можат да го дадат очекуваниот максимум и да продуцираат вистински квалитет.

Секако дека овие состојби не може да опстојуваат во недоглед. Колку подолго траат, тие ги засилуваат чувствата на аверзија, омраза, граѓанска непослушност, па дури и отворен отпор на граѓаните спрема причинителите на таквите околности.

## 4. РАЗГРАНИЧУВАЊЕ МЕЃУ ОПШТЕСТВЕНАТА (НЕ-) ОДГОВОРНОСТ И ВИНАТА

Во транзиционите општества со недоизградени демократски вредности доминира сфаќањето дека општествената одговорност е објективна одговорност, која не е поврзана со вистинските, декларирани или путативни намери на нејзините носители. Според тоа, нејзините носители мора да поседуваат слобода за донесување на одлуки, но без постоење на субјективна умисла или небрежност. Нејзината единствена последица е губење на довербата од гласачите и губење на власта, но не и на моќта, која што претходно била стекната. Или поинаку кажано, општествената (не-) одговорност се перцепира како одговорност без вина.

Зошто е тоа така?! Одговорот лежи во первертираниот однос меѓу индивидуалната и колективната одговорност. Како и граѓаните, така и центрите на моќ ги користат „придобивките" од „поделената одговорност", со која настојуваат да ја минимизираат или избегнат индивидуалната одговорност. Затскриени зад „поддршката" од „народот", „граѓаните" или „мнозинството", тие во своето (не-) одговорно однесување сакаат да инволвираат што е можно повеќе „соучесници".

За жал, тоа не им е тешко да го постигнат, ако се има предвид неспорната вистина дека во овие општества, секој е свесен дека тоа е „нечија" заслуга и дека зависи од „некого", поради што мора да биде негов „соучесник". Тоа ја генерализира или дисперзира вината врз сите општествени ентитети. Овој синдром на „соучесништво" ги провоцира граѓаните, самите, и не само пред другите, туку и пред себеси, да го оправдуваат однесувањето на нивните „ментори", бидејќи имаат чувство дека и тие се „соучесници" во нивните (не-) дела. Затоа граѓаните се чувствуваат сигурни само додека „нивните" се на власт, бидејќи знаат дека тие нема да ги гонат; за разлика од „другите", кои може да ги повикаат на одговорност, да ги прераспоредат на други работни места, да ги отпуштат од работа, да им ја укинат социјалната или друга помош и со еден збор – ќе им ги ускратат сите бенефиции што дотогаш (не-) „заслужено" ги користеле.

---

[229] Бакуњин велел „Не сакам да бидам јас. Сакам да бидам ˈниеˈ "Арент Х, Извори на тоталитаризмот, стр. 47

Пред да судиме за таквото однесување на „просечниот“ граѓанин, треба да се запрашаме – дали причината за тоа е човековата личност или општествените околности, кои ги натерале на тоа?! Независно од нивното место во општеството, секој човек е истовремено носител на две „улоги“ – приватна и јавна. Од една страна тој сака да биде дел од владеачкото „мнозинство“, бидејќи користа и привилегиите што ги стекнува му овозможуваат да опстане и да напредува. Од друга страна, ако се постави прашање за негова одговорност, тој настојува да се прикаже како жртва на околностите во кои живеел и дека неговото однесување не се разликувало од она на повеќето граѓани. И навистина нивните аргументи би биле оправдани, ако се има предвид диференцирањето на луѓето во овие општества според нивната партиска, етничка, социјална или друга припадност. Во спротивно, тие ризикуваат, од „граѓани“ да бидат перцепирани како „опоненти“, со сите последици што ги носи таквиот статус. Ваквото дисперзирање на одговорноста врз граѓаните треба да им овозможи на носителите на моќ постигнување на две цели:

- сегашно добивање од граѓаните бланко – одобрение за сите нивни идни активности и
- идно амнестирање пред институциите за сите нивни претходни активности

Со тоа, тие настојуваат да ја замаглат разликата меѓу децизионизам и волунтаризам, како основа за утврдување на вината. Тоа е основната интенција на овие центри – да ја релативизираат секоја минатa, сегашна и идна одговорност, односно остварувањето на личните интереси да се проектира кај јавноста како општествен придонес, а вината за стагнација на општеството да ја прикажат како одговорно постапување. Како еден од начините за тоа е т.н. „развојна политика“. Секој што доаѓа на власт зборува за „демократски промени“ и „економско – социјален развој“, кои треба да се случат во „блиска иднина“. Доколку тоа не се случи, вината за неуспех или одговорноста лесно може да се дислоцира кај политичките опоненти, измислените „непријатели“, па дури и кај самите граѓани, кои не им дале целосна поддршка.

Тоа нé доведува до прашањето за објективна и субјективна вина. За докажување на *објективна вина*, доволно е некој да припаѓа на определена заедница – партија, етникум или социјална група. Ова е главна причина некој да се прогласи за виновен пред јавноста, дури и пред да се спроведе било каква постапка за утврдување на вина. Или поинаку кажано, нечија „субјективна вина“ произлегува од неговата „субјективно – објективна припадност“ кон некоја група. Тој и „сличните“ на него се прогласуваат за „виновни“, затоа што не се „наши“, туку се „други“. Со тоа се отргнува фокусот на јавноста од општествените проблеми и од нивните вистински причинители и се пренасочува во друг правец и кон други (објективно-виновни) лица.

Основната причина за тоа е замаглување и избегнување на вистинската, *субјективна вина*. Тоа е лична одговорност на секој поединец, како одговорен граѓанин, а не како припадник на група. Суштината на нејзиното утврдување секогаш е индивидуална, а не колективна. Од тие причини неопходно е да се индивидуализира вредноста на постапките на секој поединец, независно од неговиот статус во општеството, а евентуалната вина да се утврди во соодветна постапка и пред независни судови. Со тоа граѓаните повторно ќе стекнат доверба во институциите, а општествената одговорност ќе го добие местото што ѝ припаѓа.

## 5. ЗАКЛУЧОК - НОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА

Одговорно општество е она кое на прво место го става заедничкото пред поединечните добра. Одговорен поединец е оној кој своите лични интереси ги подредува на заедничките. Но, како да се постигне тоа?! Дали тоа се недостижни идеали, чија остварливост секогаш ќе зависи од некој друг, а не од нас самите?!

Овие прашања можат да станат беспредметни доколку граѓаните ги заменат местата со носителите на моќ. Дефицитот на граѓанско учество во општествените текови значи дефицит и на одговорност. И обратно - учеството на граѓаните во одлучувањето е нужно за унапредување на одговорноста. Само слободно граѓанско општество може да даде придонес кон взаемна одговорност и да формира здраво општествено ткиво преку поврзување на граѓаните, капиталот и политичките институции. Тоа е можно со:

- Поголемо учество на граѓаните во процесите на донесување на одлуки од нивен заеднички интерес
- Транспарентно и сестрано информирање на граѓаните, со што нивната свест ќе се подигне на повисоко ниво, а авторитарниот патернализам ќе се замени со граѓанска култура
- Контрола од граѓаните врз носителите на власт преку невладини организации или на непосредно
- Поголема улога на академската заедница во лоцирање и решавање на значајни прашања
- Партнерски односи меѓу граѓанскиот сектор и државните институции

- Комплементарни односи за поефикасен социјален развој
- Подобрување на културата на дијалог, комуникација и меѓусебно разбирање

Овие методи постепено наоѓаат примена и во Балканските земји, чии влади презедоа активности за поголема соработка со граѓаните и невладиниот сектор. Владата на *Република Македонија* во Националниот план за партнерство со отворена Влада ја потврди заложбата за транспарентни и одговорни институции и за учество на граѓаните на сите нивоа во процесот на донесување одлуки и поголема контрола на јавноста во работата на овие институции. Прв чекор за воспоставување партнерски однос со граѓанскиот сектор во *Србиј*а се направи со основање на Фонд за социјални иновации кој обезбедува финансиски стимулации за поголемо партнерство на власта со граѓаните. И во *Босна и Херцеговина* е постигнат напредок во воспоставувањето институционални механизми за соработка помеѓу власта и граѓанските организации, како и за нивно јавно финансирање. Тоа започна во април 2016 година и вклучи 9 министерства и 14 агенции на државно ниво, кои назначија конкретни тела, задолжени за дијалог и соработка со невладиниот сектор. Главен субјект во *Албанија* се Агенцијата за поддршка на граѓанското општество и Советот на супервизори, кои заедно со невладиниот сектор подготвија стратегија за делување и основаа Национален совет за граѓанско општество. Заради понатамошно унапредување и заштита на човековите права и слободи, Владата на *Црна Гора* усвои Основи и стратегија за соработка со невладините организации и за размена на информации и механизми за заеднички надзор над неговото спроведување. Постои и Канцеларија за соработка со невладините организации, а Владата ќе формира и Совет за соработка, како советодавно и експертско тело кое ќе се ангажира во целосен мониторинг на реализацијата на Стратегијата и Акциониот план.

Овие новини во унапредување на соработката меѓу власта и граѓанскиот сектор даваат надеж за поголема одговорност во општеството. Тоа е показател за зголемената свест и кај носителите на моќ и кај граѓаните дека нивното взаемно дејствување е вистинскиот пат за успех и просперитет на целото општество.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Alađuz, D. (2015). Istraživanja o sektorskoj korupciji u BiH. Retrieved 01 08, 2016, from: http://www.account.ba/novost/10073/publikacija-istrazivanja-o-sektorskoj-korupciji-u-bih
[2] Арент Хана, Извори на тоталитаризмот, Култура, Скопје, стр. 47
[3] Bertelsmann Stiftung, BTI 2016 — Macedonia Country Report. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2016, p.3, https://www.bti-project.org/.../BTI/.../Reports/2016/.../BTI...
[4] Bertelsmann Stiftung, BTI 2018 Country Report — Macedonia. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2018 p. 4 www.bti-project.org/en/reports/country-reports/.../mkd/
[5] Bertelsmann Stiftung, BTI 2018 Country Report — Albania. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2018, http://www.bti-project.org.
[6] Bertelsmann Stiftung, BTI 2018 Country Report — Kosovo. Gütersloh: Bertelsmann Stiftung, 2018 http://www.bti-project.org.
[7] Bovens, Mark (2006) Analysing and Assessing Public Accountability. A Conceptual Framework, European Governance Papers (EUROGOV), No. C-06-01, p. 5. https://www.ihs.ac.at/publications/lib/ep7.pdf
[8] CIVICUS Civil Society Index Report for Serbia, First holistic empirical study of Civil Society in Serbia 2004 –2006, Research & Analytical Center Argument in collaboration with The Center for the Development of the Non-profit Sector (CDNPS), Belgrade, 2006 https://www.civicus.org/media/CSI_Serbia_Country_Report.pdf
[9] Civil Society in Central and Eastern Europe: Challenges and Opportunities, ERSTE Stiftung Studies,ERSTE Foundation, WU Vienna and the authors, Vienna, March 2017, www.erstestiftung.org
[10] Freedom House (2016). Freedom of the Press 2016. Retrieved 01 08, 2016, from: https://freedomhouse.org/ report / freedom-press / freedom-press-2016
[11] Criminal Code of the Republic of Macedonia, Official Gazette No. 37/96 (basic text), 80/99, number 4/2002, number 43/2003, number 19/2004, number 81/2005, number 60/06, number 73/06, number 7/08, number 139/08, number 114/09, number 51/11, number 135/11, 185/11, number 142/12, number 166/12, number 55/13, number 82 / 13, number 14/14, number 27/14, number 28/14, number 115/14, number 132/14, number 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 and 97/ 17 www.pravda.gov.mk/.../KRIVICEN%20ZAKONIK%20precisten%20%20tekst.pdf
[12] Perceptions and Definitions of Social Responsibility, International Institute for Sustainable Development, Manitoba, Canada, May 2004, http://www.iisd.org/standards/csr.asp
[13] Rose-Ackerman, Susan (2001), Trust, Honesty and Corruption: Theories and Survey Evidence from Post-Socialist Societies www.colbud.hu/honesty-trust/rose/pub01.PDF

[14] Zlatko Vujović, Country Report: Montenegro, ERSTE Stiftung Studies, Civil Society in Central and Eastern Europe: Challenges and Opportunities, 2017 www.erstestiftung.org/cms/wp-content/uploads/2017/.../civil_ society_ studie_issuu_e1.pd...